РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА, КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ
ул.Макарие Фрчковски бр.8 тел/факс 3163-812,3162-436,3109-401 п.ф.328

Бр.01-580/1
24.06.2019год.
СКОПЈЕ

# И З В Е Ш Т А Ј

## ПРОГРАМСКИ И ВОНПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ
## (ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2019 ГОДИНА)



Јуни, 2019

Скопје

*Извештајот на НУ Конзерваторски центар - Скопје за периодот јануари – јуни 2019 година содржи податоци за извршените програмски задачи финансирани од Министерството за култура на Република Македонија, како и податоци за вонпрограмските задачи во рамките на неговата надлежност, иницирани и/или побарани од дриги правни и физички лица.*

*Цел на овој извештај е да се дадат релевантни податоци за реализираните програмски и вонпрограмски активности на НУ Конзерваторски центар - Скопје, извршени во периодот јануари – јуни 2019 година.*

# I. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

## 1. *Валоризација, ревалоризација на културно наследство*

- Изработен е *Елаборат за валоризација на археолошкото наоѓалиште "Тумба – Маџари"* во Скопје.

## 2. *Изработка на конзерваторски проекти*

- Изработен е *Основниот проект за конзервација, санација и адаптација на галеријата на црквата Св.Спас во Скопје.*
- Изработен е *Проект за конзерваторско-реставраторски интервенции на конаците во Манастирот Св.Никата, с.Бањани*.
- Во тек е изработката на *Идеен проект за конзерваторско-реставраторски работи на културното добро Аквадукт во Скопје*.
- Во тек е вршење на корекции на Основниот проект со сите фази за куќата на Лазар Личеноски: статика, машинство, водовод, електрика и партерно уредување, како и ППЗ и ХТЗ заштита на објектот со видеонадзор, а според забелешките од Управата за заштита на културното наследство Скопје.

## 3. *Реализација на конзерваторски проекти (непосредна заштита)*

- На 24.06.2019 год. отпочна реализацијата на втората фаза на *Анексот на Основниот проект за конзервација, реставрација и реконструкција на гледалиштето на театарот во Скупи* (бр.08-526/8 од 09.07.2018 год.), а врз основа на Конзерваторско одобрение УП бр. 08-768 од 19.07.2018 год. издадено од Управата за заштита на културното насладство.

- Реализација на Проект за конзервација, реставрација и реконструкција на фасадата на Комплексот „Св.Спас“ на ул.„Макарие Фрчковски“бр.8 (простории отстапени од страна на МПЦ на користење на НУ Конзерваторски центар Скопје) и „Лазар Танев“бр.4 (зградата на поранешниот Вилаетски конак), во состав на истиот комплекс, на КП 9183, во спомeничката целина Стара скопска чаршија (прва фаза).
- Во јануари и февруари 2019 година довршена е левата врата од царските двери и е оставена да се аклиматизира. Поставувањето на вратата на иконостас го изведовме во текот на мај 2019 год., кога се изедначија микроклиматските услови во лабораторијата на Конзерваторски центар и во црквата Св.Спас во Скопје.
- Во тек се конзерваторски интервенции на 4-те престолни икони од иконостасот во црквата Св.Спас во Скопје, започнати во 2018 година.

### 4. *Изработка на заштитно конзерваторски основи за:*

- Подрачје на опфат за ДУП – Градска четврт Ц 06 – локалитет Стара железничка станица;
- Подрачје на опфат за УПВМН Веле Поле, Општина Ѓорче Петров;
- Подрачје на опфат за ДУП – Градска четврт ССЗ 01, блок ССЗ 01.11, Општина Карпош;
- Подрачје на опфат за ДУП – Градска четврт ССИ 03, блок ССИ 03.02, Општина Карпош;

## II. ВОНПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

### 1. *Непланиран увид*

- Увид во состојбата на заштитено добро - "Куќа на ул.Кнез Хадсон бр.2".
- Увид во состојбата на културното добро - "Хавзи Пашини конаци, Бардовци, Скопје".
- Увид во состојбата на културното добро - "Манастир Св.Никита" во с.Бањани.
- Увид во состојбата на културното добро – зграда на ул. "Македонија"бр.33 во Скопје.
- Увид на дел од улицата Покриена чаршија во Спомeничката целина Стара Скопска чаршја, поради изведување на градежни работи од страна на ЕВН Скопје.
- Увид во Спомeничката целина Стара Скопска чаршја, поради изведување на градежни работи од страна на ЈП Водовод и канализација Скопје.

2. *Изработка на заштитно конзерваторски услови за:*

- ЗКУ за доградба на објект ТС Маџари, КО Инџиково
- ЗКУ за објект на ул.„Битпазарска“ бр1, КП 9399
- ЗКУ за конзервација, санација и адаптација на излог на објект на ул.„Самарџиска“бр.14, КП 6303, КО Центар 1
- ЗКУ за ентериерно уредување на објект на ул.„Подграѓе“бр.57, КП 9193, КО Центар 1

3. *Изработка на заштитно конзерваторски основи за:*

- Подрачје на опфат за УП за с.Матка, КО Матка, Општина Сарај;
- Анекс на ЗКО за ДУП – Градска четврт ЦС 04 – Пресвета Богородица, Општина Центар;

4. *Вршење конзерваторски надзор*

- Конзерваторски надзор при непосредна заштита – *решавање на проблемот со влагата во Стар амам во Тетово и поплочување на партерот со нови камени плочи – фаза архитектура* (според решение од НУ НКЦ).
- Конзерваторски надзор при реализација на Проектот за конзервација, реставрација и реконструкција на фасада на Комплексот „Св.Спас“ во Скопје.
- Конзерваторски надзор при реализација на Основниот проект за мултифункционален комплекс на ГП 1.5 (контактна зона на Стара железничка станица во Скопје).
- Конзерваторски надзор при реализација на Основниот проект за санација на оштетувањата од влага (екстериер и ентериер), заштита од продор на атмосферска вода, воведување на систем за вентилација на ентериерот, заштита од УВ зрачење и оградување на културното добро Чифте амам во Скопје.
- Во тек е конзерваторски надзор при реализацијата на 32 проекти (објекти) кои се дел од проектот „Промоција на чаршиски туризам во Општина Чаир“, во реализација на Општина Чаир.

5. *Археолошки истражувања*

- Археолошко истражување – рекогносцирање во подрачјето на опфат за Урбанистички план вон населено место Веле Поле, Ѓорче Петров, Скопје.
- Археолошко истражување – рекогносцирање во границите на опфат на Урбанистички план за село Матка, општина Сарај, Скопје.

- Заштитни археолошки истражувања на КП 9178, КП 9179 и КП 9180 КО Центар 1, во Споменичката целина "Стара Скопска чаршија".
- Заштитни археолошки истражувања на КП 934/4 и КП 935/4 КО Злокуќани, во Контактната зона на Споменичката целина "Антички град Скупи".

## 6. *Археолошки надзор*

- Археолошки надзор при реализација на Основниот Проект за санација на оштетувањата од влага, заштита од продор на атмосферска вода, воведување на систем за вентилација на ентериерот, заштита од УВ – зрачење и оградување на Чифте амамот во Скопје (фаза архитектура).
- Археолошки надзор на изградбата на Магистрален гасовод – Делница 5: Скопје-Тетово-Гостивар-Кичево, во општини кои се во надлежност на НУ Конзерваторски центар – Скопје: Аеродром, Арачиново, Гази Баба, Кисела Вода, Сарај и Сопиште.
- Археолошки надзор при санација на ниско напонска мрежа во Старата Скопска чаршија, на дел од улиците Покриена чаршија и Самарџиска, од страна на Електродистибуција ДООЕЛ Скопје, КЕЦ Васил Главинов.

## 7. *Учество во стручни комисии и други тела формирани од други субјекти*

- Повторна стручна контрола на "*Основниот проект за конзервација, реставрација, санација и ревитализација на конак во Лешочкиот манастир Св.Атанасие во с.Лешок - Општина Теарце*".
- Стручна контрола на "*Проект за превентивна заштита на куќата на у.Јосиф Даскалов бр.58 во Кратово, (Куќа на Граматикови)*".
- Стручна контрола на "*Проект за конзервација, реставрација и реконструкција на куќата на ул.Јосиф Даскалов бр.58 во Кратово, (Куќа на Граматикови)*".
- Стручна контрола на "*Проект за конзервација и реставрација на фасадите на објект "Занаетчиски дом" на плоштадот Маршал Тито во Куманово.*
- Учество во изработката на „*Анекс на основен проект за недвижно културно наследство Конзервација, реставрација и санација на куќа ма ул Мајор Чеде Филиповски бр.68 ( Куќа на Даут Болетини ) во Гостивар*".

## 8. *Други вонпрограмски активности*

- Стручна контрола на "*Основен проект за адаптација на дел од приземјето и отворен двор на Музеј на Град Скопје*".
- Стручна контрола на "*Проект за инфрасруктура за ул.Љубљанска од бул.Илинден до ул.Словеневечка*".
- Стручна контрола на "*Основен проект за санација на рамна непроодна тераса на стар дел од објектот на НУБ Св.Климент Охридски во Скопје*".
- Стручна контрола на "*Проект за инфрасруктура за реконструкција и проширување на топловоден канал на вод А1 за вградување на опрема и арматура за регулација на проток*", Општина Центар.
- Стручна контрола на "*Основен проект за објект на КП 9178, 9179 и 9180, КО Центар 1*".
- Стручна контрола на "*Идеен проект за мал дуќан на ул.Битпазарска, бр.1, во Скопје*".
- Идадени се стручни мислења за 38 барања за легализации на безправни градби на територијата на надлежност на НУ КЦС.
- Шест месечно учество во програмата „Конзервација и презервација на недвижно културно наследство од влијание на климатски промени" – **Erasmus + KA2 CULTHER,** а во реализација на Институтот за истражување во животна средина, градежништво и енергетика – Скопје.
- Учество на дводневна работна средба во Кратово ( 6-7 јуни, 2019 год.) организирана од страна на Раководителот за заштита на културно наследство при Министерството за култура.

## 9. *Останати активности*

- Отпочната и завршена јавна набавка за избор на агенција за обезбедување на установата.
- Отпочната и завршена јавна набавка за избор на правно лице за доставување на канцелариски материјали.
- Во тек е јавна набавка за избор на авторска агенција.

**Директор,**
**Коле Чапкановски**